Врз основа на член 51 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното:**

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и јавна презентација**

на архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежна парцела ГП 1.4 со намена В2-детска градинка на КП 1912/3, КО Волково, од Општ акт Волково, Општина Ѓорче Петров - Скопје

Проектниот опфат е дефиниран во рамки на границите на градежната парцела ГП 1.4 односно КП 1912/3 Општина Ѓорче Петров, на подрачјето на КО Волково.

**Површината на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 6.135 м$^2$.**

Јавната анкета ќе трае **5 (пет) работни дена од 04.12.2017 година до 11.12.2017 година**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила **„Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.**

Во периодот на јавната анкета, архитектонско-урбанистичкиот проект за формирање на градежна парцела ГП 1.4 со намена В2-детска градинка на КП 1912/3, КО Волково, од Општ акт Волково, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на **Општина Ѓорче Петров – Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој и во просториите на МЗ Волково, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.**

Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Јавна презентација со стручно презентирање на планот **за претставници на јавните претпријатија и институции и заинтересирани граѓани, ќе се одржи на 04.12.2017 година (понеделник) во 13$^{00}$ часот во просториите на Одделението за просторно и урбанистичко планирање**.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица може да доставаат забелешки на анкетните листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број** 05-3440/2
**Од** 27.11.**2017год.**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**

Република Македонија, Општина Ѓорче Петров, Скопје